# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД ПРИЛЕП ЗА ПЕРИОД 01.01 – 31.12.2020

Согласно измените и дополнувањата на Правилата за котизација, го приложуваме ова образложение кон финансиските резултати за периодот од 1 јануари до 31 декември 2020 година.

A. Промени во сметководствените политики и методи на вреднување на ставките во финансиските извештаи споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи не се настанати.

B. Мермерен Комбинат АД Прилеп ("Друштвото") за периодот од 1 јануари до 31 декември 2020 оствари приходи од продажба во износ од 1,365,085 илјади денари што претставува намалување за 38.6% споредено со истиот период од изминатата година.

| **приходи од продажба** | **2020** | | **2019** | |
|---|---|---|---|---|
| - домашен пазар | 8,786 | 0.64% | 20,748 | 0.93% |
| - странски пазари | 1,356,299 | 99.36% | 2,202,508 | 99.07% |
| | **1,365,085** | | **2,223,256** | |

| **приходи од продажба** | **2020** | | **2019** | |
|---|---|---|---|---|
| - рудник | 1,328,988 | 97.36% | 2,090,327 | 94.02% |
| - фабрика | 36,097 | 2.64% | 132,929 | 5.98% |
| | **1,365,085** | | **2,223,256** | |

Остварената оперативна добивка за периодот е во износ од 541,137 илјади денари споредено со остварената оперативна добивка за истиот период во 2019 година во износ од 1,371,989 илјади денари што претставува намалување за 60.56%.

EBITDA за периодот од 1 јануари до 31 декември 2020 година изнесува 684,574 илјади денари наспроти остварениот износ од 1,480,023 илјади денари истиот период од изминатата година, или намалување за 53.75%.

Крајниот резултат по оданочување е позитивен и изнесува 511,377 илјади денари наспроти остварената добивка за истиот период од

минатата година од 1,237,782 илјади денари и покажува намалување за 58.69%.

C. Оперативните расходи изнесуваат 862,049 илјади денари и се пониски за 5.17% во однос на истиот период од минатата година.

D. Евидентирано е намалување на трошоците за материјали и суровини за 1.74%, а на расходите за вработени намалување за 4.47%.

E. Трошоците за надворешни услуги се намалени за 26.66%. Трошоците за амортизација изнесуваат 139,298 илјади денари и тие се повисоки за 33.31% во однос на минатата година.

F. Нема значителен отпис, поголем од 30% од вредноста на средствата.

G. На 16 октомври 2020 година, согласно Одлука на Собрание на акционери 02-5420/3, акумулираните добивки остварени до 31 декември 2019 година во износ од 494,456 илјади денари се распределени за исплата на дивиденди. Во периодот заклучно со 31 декември 2020 година Друштвото исплати дивиденди на своите акционери во вкупен нето износ од 489,050 илјади денари и 5,307 илјади денари данок на исплатени дивиденди.

H. Кредитните задолжувања на Друштвото во периодот од јануари до декември 2020 година бележат намалување за 9,488 илјади денари во однос на последните годишни финансиски извештаи.

I. Последици врз Друштвото од пандемијата со КОВИД 19:
Во текот на 2020 година Друштвото ја извршуваше својата дејност во услови на светска пандемија и постоење на кризна состојба во земјата, како последница на ширењето на вирусот Covid-19, а во еден дел од годината и во услови кога беше прогласена вонредна состојба во земјата (18/03/2020 -22/06/2020). За време на овој период, Друштвото се прилагодуваше на новонастанатите услови и примени разни активности со цел целосна адаптација на своето работење во согласност со препораките и насоките дадени од Владата, за заштита на јавното здравје. Со цел да го заштити здравјето на своите вработени и соработници, Друштвото превзеде оргнизациски и технички активности кои овозможија континуитет во работењето на Друштвото.

- Во насока на намалување на последиците од намалената продажба, се воведоа алтернативни начини за презентирање на производите на купувачите/инспекторите. Наместо физичко присуство на купувачите, се воведоа интернет алатки и технологија, како што се високо квалитетни фотографии/видеа и телеконференции.
- Со цел да се заштитат вработените, Друштвото примени мерки за зголемување на социјалната дистанца за време на работењето, двојно ги зголеми превозните средства за превоз на вработените, промовира и организира работа од дома, секаде каде што тоа беше возможно.

  Сепак, Друштвото претрпе значајни последици поради Covid -19 пандемијата.

- Намалувањето на продажбата, главно се должи на глобалната рецесија. Пред ширењето на мерките против пандемијата, беше потребно физичко присуство на купувачите за проверка и избор на производите.

- Намаленото производство делумносе припишува и на намалената работна сила поради ослободување од работни задачи на одредени категории на вработени согласно препораките и мерките на Владата за спречување на внесување и ширење на коронавирусот Ковид-19.

- Доцнење во спроведувањето на инвестицискиот план, набавка на опрема, потрошен материјал, резервни делови и др.

Ј. Изгледи/планови: Побарувачката на производи од мермер е директно поврзана со растот на економијата. Глобалното делумно или целосно стопирање на фабриките и градилиштата доведе до застој на глобалната економија. Од таа причина, не може да се проценат изгледите за 2021 година, бидејќи тие зависат од степенот на глобалната рецесија и можноста за нејзино опоравување. Сепак има некои оптимистички знаци за опоравување, особено кај економијата на Кина, која е главна дестинација за извоз на компанијата.

Друштво: **Мермерен Комбинат АД Прилеп**
Период на известување: **01.01 - 31.12**
Година: **2020**
Извештајот е консолидиран: **не**

# Биланс на успех

(Извештај за сеопфатна добивка)

*Податоците се во 000 денари*

| Р.Б. | Позиција | Претходна година | Тековна година | Индекси |
|---|---|---|---|---|
| | | кумулативно од почетокот на годината | кумулативно од почетокот на годината | во однос на прет-ходна година |
| 1 | Приходи од продажба | 2,223,256 | 1,365,085 | 61 |
| 1а | *Приходи од продажба на домашен пазар* | 20,748 | 8,786 | 42 |
| 1б | *Приходи од продажба на странски пазар* | 2,202,508 | 1,356,299 | 62 |
| 2 | Трошоци на продадени производи и услуги | 582,146 | 550,090 | 94 |
| 3 | **БРУТО ДОБИВКА** | **1,641,110** | **814,995** | **50** |
| 4 | Административни трошоци | 94,379 | 97,959 | 104 |
| 5 | Трошоци за продажба и маркетинг (дистрибуција) | 151,281 | 152,664 | 101 |
| 6 | Резервирања за трошоци и ризици | | | 0 |
| 7 | Останати оперативни приходи | 7,518 | 10,610 | 141 |
| 8 | Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни и тековни средства и останати оперативни расходи | 30,979 | 33,845 | 109 |
| 9 | **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА / ЗАГУБА** | **1,371,989** | **541,137** | **39** |
| 10 | Финансиски приходи | 14,040 | 7,410 | 53 |
| 10а | Приходи од вложувања, заеми и камати и курсни разлики | 14,038 | 7,410 | 53 |
| 10б | Останати приходи од финансирање | 2 | | 0 |
| 10в | Удел во добивката на придружените друштва | | | 0 |
| 11 | Финансиски расходи | 14,216 | 6,189 | 44 |
| 11а | Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 14,216 | 6,189 | 44 |
| 11б | Останати расходи од финансирање | | | 0 |
| 11в | Удел во загубата на придружените друштва | | | 0 |
| 12 | **Добивка/ загуба од редовно работење** | **1,371,813** | **542,358** | **40** |
| 13 | Добивка/ загуба од прекинато работење пред оданочување | | | 0 |
| 14 | **Добивка/ загуба од редовно работење пред оданочување** | **1,371,813** | **542,358** | **40** |
| 15 | Данок од добивка | -134,031 | -30,981 | 0 |
| 16 | **Нето добивка/загуба по оданочување** | **1,237,782** | **511,377** | **41** |
| 17 | Малцински интерес | | | 0 |
| 18 | **Нето добивка/загуба која им припаѓа на акционерите на друштвото** | **1,237,782** | **511,377** | **41** |
| 19 | Нето останата сеопфатна добивка/загуба | | | 0 |
| 20 | **Вкупна сеопфатна добивка/загуба** | **1,237,782** | **511,377** | **41** |

## Анализа на оперативната добивка/загуба по природата на трошоците

| Р.Б. | Позиција | Претходна година | Тековна година | Индекси |
|---|---|---|---|---|
| | | кумулативно од почетокот на годината | кумулативно од почетокот на годината | во однос на прет-ходна година |
| 1 | Приходи од продажба | 2,223,256 | 1,365,085 | 61 |
| 2 | Останати оперативни приходи | 7,518 | 10,610 | 141 |
| 3 | Промени на залихите на готови производи и производството во тек | 50,289 | 27,491 | 55 |
| 4 | Набавна вредност на трговски стоки | 1,166 | 0 | 0 |
| 5 | Трошоци за суровини и други материјали | 220,722 | 216,875 | 98 |
| 6 | Набавна вредност на продадени материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми | 229 | 31 | 14 |
| 7 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 217,809 | 159,739 | 73 |
| 8 | Останати трошоци од работењето | 59,310 | 50,155 | 85 |
| 9 | Трошоци за вработените | 274,367 | 262,106 | 96 |
| 10 | Амортизација на материјалните и нематеријалните средства | 104,492 | 139,298 | 133 |
| 11 | Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни средства | | | 0 |
| 12 | Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековни средства | 26,390 | 5,129 | 19 |
| 13 | Резервирања за трошоци и ризици | | | 0 |
| 14 | Останати расходи од работењето | 4,589 | 28,716 | 626 |
| 15 | **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА / ЗАГУБА** | **1,371,989** | **541,137** | **39** |